# Ерген одев, мајко




Ерген одев мајко, ерген одев
ерген одев мајко, поарно ми беше ) 2п

Сеоженив мајко,се оженив
Се оженив мајко, зло ме нападна ) 2п

Падна ми се мајко, падна ми се
падна ми се мајко либе болникаво ) 2п

Цел ноќ ми је мајко, цел ноќ ми је
цел ноќ ми је мајко, на рака лежало
дури ми је мајко, рака искршило ) 2п

Па не можам мајко, па не можам
па не можам мајко на коњ да се качам . ) 2п